***З А П И С Н И К***
***од втора седница на новоизбраниот***
***Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 14.11.2025 година***

Седницата се одржа во Салата за состаноци во Домот на пензионерите Демир Хисар со почеток во 11 $^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 10 (десет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот Никола Дранговски, Маја Велеска, Љупчо Најдовски, Марија Христовска, Валентина Ѓорѓиовска, Марија Ѓоргиовска, Илче Ангелевски, Ивана Димчевска-Гикоска, Клара Кузмановска и Гоце Јончевски. Отсутен беше советникот Богдан Стојановски. Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Влатко Станковски, Мише Милошевски и Марина Поповска. Присутни беа претставници од ООУ „Гоце Делчев“ Мирјана Пејчиновска, од ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван и ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Марина Давидевска, од СОУ„Крсте П. Мисирков“ Сузана Мицевска, од ЈОУДГ „Втори Септември“ Цане Трајчевски и претставник на Дом на култура „Илинден“ Зоранчо Здравевски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување Записник од прва конститутивна седница на Совет
Записникот беше усвоен со 9 „за“ против и воздржани немаше.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година.
2. Усвојување на Квартален извештај за реализација на буџетот на општина Демир Хисар за извештајнот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 до 30.09.2025 година.
3. Донесување на План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2026 година.
4. Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за финансии и буџет.
5. Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за јавни и комунални дејности.
6. Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина.
7. Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за опшествени дејности.
8. Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за месна самоуправа.
9. Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисијата за одбележување на празници, манифестации и доделување признанија и награди.
10. Донесување на Решение за избор на претседател и 4 членови на Статутарно правна комисија.
11. Донесување на Одлука за формирање на Комисија за еднакви можности за жените и мажите.
12. Предлози и прашања.

Претседателот на Советот Никола Дранговски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на Дневниот ред со точка 3. Донесување на План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2026 година. Забелешки немаше со 9 „за“ беше усвоен Дневниот ред со дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Измени и дополнување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година***

Во врска со Измените и дополнувањето на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година излагање имаше претставничката Марина Поповска. Советникот Гоце Јончевски побара објаснување за буџетот за средно образование за што се однесуваат предложените измени. Објаснување имаше претставничката Сузана Мицевска во приходниот дел има зголемување на 787 бидејќи имаше уплата која не беше планирана во приходите, во расходниот дел има некои мали измени се крати каде има повеќе средства и нема можност да се потрошат до крајот на годината, се зголемува планот во ставките каде нема доволно планирани средства до крајот на годината. Советникот Гоце Јончевски забележа во измените на Буџетот во делот на општината има многу намалување, треба да се реализира планираното. Претседателот на Советот Никола Дранговски додаде намалувања има кај капиталните инвестиции на што се должи тоа, исто така намалување има кај договорни услуги, исто кај каматите има намалување. Потоа побара објаснување што се плаќа од ставка 464 други трансфери. Раководителот Влатко Станковски објасни најмногу кратење има во планираните срества за капитални инвестиции кои се од средствата кои ги додели Владата, реално нема можност да се реализираат проектите до крајот на годината, затоа се намалува, 20% се реализира во 2025, а останатите ќе се реализираат во 2026 година. Во насока на прашањата претставничката Марина Поповска додаде во ставките каде имаше планирано повеќе средства од потребните се намалува, а каде има малку средства се зголемува, од некој ставки има обврски да се платат. Каматите се планирани споредено со предходната година, согласно пресметката се намалени за оваа година, а од ставка 464 други трансфери се плаќа по поднесени барања од месни заедници, црковни одбори, по судски пресуди. Нема доволно средства, а има поднесено барања затоа се зголемува во ставката. Дискусијата во врска со измените и дополнувањето на буџетот беше исцрпена. Претседателот на Советот Никола Дранговски точката ја стави на гласање. За донесување на измени и дополнување на буџетот за 2025 година гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Квартален извештај за реализација на буџетот на општина Демир Хисар за извештајнот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 до 30.09.2025 година***

За Кварталниот извештај за реализација на буџетот на општина Демир Хисар за извештајнот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2025 до 30.09.2025 година објаснување имаше претставничката Марина Поповска. Советникот Љупчо Најдовски побара објаснување за ставка 464 во програма А0 трансвер на општина во Албанија во износ 284.215 денари, исто така побара објаснување и за ставка 452 камати по странски кредити. Претставничката Марина Поповска објасни тоа се средства кои се префрлени на сметката на општината од проектот за прекугранична соработка и истите требаше да се префрлат на општина во Албанија, треба да се доплати. Исплатата на каматите се однесува за кредитите за патот до манастирот Св.Петар Смилево, за набавка на минибуси и за реконструкција на улици во Демир Хисар. Редовно се плаќаат ратите и каматите. Советникот Гоце Јончевски праша за ставка 421 електрична енергија конкретно за средствата по спогодба со ЈКП „Комуналец“. Претставничката Марина Поповска објасни со спогодба е превземен долг од ЈКП „Комуналец“ за електрична енергија тоа е платено. Советникот Јончевски забележа ЈКП „Комуналец“ не заработува доволно, за средствата потрошени одржување на софтвер советникот Јончевски забележа дали не е подобро да се вработи лице кое ќе го одржува наместо да се плаќа на приватни фирми. Раководителот Влатко Станковски објасни софтверот е донација, плаќаме да го одржуваат, се однесува за даноците, благајната и буџетска апликација. На крајот од својата дискусија советникот Гоце Јончевски имаше забелешка и за средствата потрошени за исплата на лица од каснати бездомни кучиња, советот носи програми за заловување, а сепак има случај на каснати од куче. Раководителот Станковски објасни се

носи програма се заловуваат бездомни кучиња, но сепак има случај на каснати од куче. Повеќе немаше пријавено за дискусија. Со 9 „за“ беше усвоен кварталниот извештај.

***ТОЧКА 3. План за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2026 година***

Во врска со Планот за развојни програми на Општина Демир Хисар за 2026 година објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. При тоа објасни предходната година имавме планирано повеќе програми оваа година само една истата беше планирана и предходната година по втор пат се планира реконструкција на локален пат с.Вардино. Техничката документација е изработена 2024 година, со оваа техничка документација се планира проширување на патот, требаше оваа година да се реализира 20 %, но тендерската постапка не е завршена, со оглед на временските услови нема да има можност да се заврши, па така реализацијата се планира 2026-2027. Оснататите 6 програми кои беа планирани предходната година се помали проекти затоа се исфрлени од план за развојни програми ќе се реализираат, а како развојна останува да се планира само оваа. Се планира да почни со реализација во месец април-мај 2026 реализацијата ќе трае две години. Советникот Гоце Јончевски праша дали финансирањето е целосно од министесртвото. Раководителот Мише Милошевски објасни проектот е целосно финансиран од од страна на Министерството за транспорт и врски, исто така и останатите шест проекти кој беа дел од развојната програма за 2025 се целосно финансирани од министерството односно финансиската конструкција е во рамките на обезбедените средства. Дискусија повеќе немаше. Планот за развојни програми беше донесен со 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 4. Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за финансии и буџет***

Во врска со решението за избор на претседател и 4 членови на Комисија за финансии и буџет, претседателката на комисијата за мандатни прашања, избори и именување Маја Велеска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Никола Дранговски, членови Марија Христовка, Гоце Јончевски од редот на советници и надорешни членови Сашо Петревски од с.Суводол и Љубиша Дамчевски од с.Стругово. Забелешки немаше. Со 10 „за“ беше донесено решението, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 5. Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за јавни и комунални дејности***

Претседателката на на комисијата за мандатни прашања, избори и именување Маја Велеска го изнесе предлогот од комисијата за  претседател и 4 членови на Комисија за јавни и комунални дејности. За претседател Пецо Наловски од Демир Хисар членови Илче Ангелевски, Валентина Ѓорѓиовска, Клара Кузмановска и Васко Спировски од Демир Хисар. Забелешки немаше. Со 10 „за“ беше донесено решението, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 6. Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина***

Претседателката на на комисијата за мандатни прашања, избори и именување Маја Велеска го изнесе предлогот за претседател и 4 членови на Комисија за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина предложени се претседател Иван Кузмановски од Демир Хисар, членови Марија Христовска, Марија Ѓоргиовска, Ивана Димчевска-Гиковска и Ненад Шундовски од Демир Хисар. Забелешки немаше. Со 10 „за“ беше донесено решението против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 7. Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за опшествени дејности***

Во врска со решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за опшествени дејности претседателката на комисијата за мандатни прашања, избори и именување Маја Велеска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Љупчо Најдовски, членови Маја Велеска, Валентина Ѓорѓиовска, Елизабета Божиновска од с.Единаковци и Александар Богдановски од с.Сопотница. Забелешки немаше. Со 10 „за“ беше донесено решението против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 8. Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за месна самоуправа***

Во врска со решение за избор на претседател и 4 членови на Комисија за месна самоуправа претседателката на комисијата за мандатни прашања, избори и именување Маја Велеска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Илче Ангелевски членови Богдан Стојановски, Клара

Кузмановска, Ивица Таневски од с. Суводол и Кристина Најдовска од Демир Хисар. Забелешки немаше. Со 10 „за" беше донесено решението против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 9. Решение за избор на претседател и 4 членови на Комисијата за одбележување на празници, манифестации и доделување признанија и награди***

За претседател и 4 членови на Комисијата за одбележување на празници, манифестации и доделување признанија и награди претседателката на комисијата за мандатни прашања, избори и именување Маја Велеска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Маја Велеска, членови Марија Христовска, Марија Ѓоргиовска, Димитрина Деспотовска од Демир Хисар и Виолета Балуловска од с.Слепче. Забелешки немаше. Со 10 „за" беше донесено решението против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 10. Решение за избор на претседател и 4 членови на Статутарно правна комисија***

За претседател и 4 членови на Статутарно правна комисија претседателката на комисијата за мандатни прашања, избори и именување Маја Велеска го изнесе предлогот на комисијата и тоа за претседател Никола Дранговски, членови Гоце Јончевски, Илче Ангелевски, Сандра Пејковска од с.Доленци и Мери Најдовска од Демир Хисар. Забелешки немаше. Со 10 „за" беше донесено решението против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 11. Одлука за формирање на Комисија за еднакви можности за жените и мажите***

Претседателката на комисијата за мандатни прашања избори и именување Маја Велеска го изнесе предлогот за претседател и членови во комисија за еднакви можности за жените и мажите. Претседател Марија Христовска заменик Валентина Ѓорѓиовска, член Маја Велеска заменик Кристина Најдовска од Демир Хисар, член Самоил Цветановски од с.Кутретино негов заменик Петар Велевски од Сопотница. Забелешки немаше. Со 10 „за" беше донесена одлуката против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 12. Предлози и прашања***

Советникот Гоце Јончевски истакна има барање од граѓанин да постави прашање до директорката на СОУ „Крсте П. Мисирков" Демир Хисар

На професорката по информатика и математика не и биле дадени часовите што ги има со договор, наместо тоа дадени и се помалку часови и изборни предмети. Прашањето да биде доставено до директорката доколку не можи да присуствува на седница, можи и писмено да биди одговорено побара советникот.

Претставничката од општината Александра Трајковска ги запозна советниците лицето вработено во општината Даниел Стојановски ги известува советниците има покана за посетување обука за родова еднаковост на која советниците можат да учествуваат.

Исто така ги информира советниците од ООУ „Браќа Миладиновци" с.Жван има барање за именување на член во Училишен одбор, бидејќи му завршил мандатот на членот. Ова останува за наредна седница.

Претседателот Никола Дранговски исто така ги информира советниците има покана за обука од ПроЛокал , а потоа предложи да се направи група преку вибер за советниците за побрзо и навремено информирање за активностите.

Претседателот на Советот Никола Дранговски констатира точките од Дневниот ред се исцрпени со тоа ја затвори седница, а за наредна седница советниците ќе бидат известени.

Бр. 17-1207/2<br>23.12.2025 година<br>Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар<br>Претседател,<br>Никола Дранговски с.р.